РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-18
01.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги направи увид во програмскиот сервис на ТРД ТВ 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип емитуван на 8 октомври 2024 година, врз основа на Вашата претставка (наш арх. бр. УПП 03/18 од 09.10.2024 г.) во која наведувате дека најавата за играниот филм „Морничавата долина (Uncanny)“, спротивно на членовите 17 и 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица, содржела (цитат): „*одреден степен на голотија*“, и го утврди следново:

- ниту во деветпати (*од 9 до 19 часот, со поединечно траење од 30 секунди*) емитуваната најава за играниот филм „Морничавата долина (Uncanny)“ од програмскиот сервис за 8 октомври, ниту во целината на аудиовизуелниот материјал, соодветно обележан со сигнализација (12+) за програма од трета категорија, емитуван на 11 октомври (од 22:31:47 до 23:54:03) – нема каква било експлицитна глетка или сцена со голотија / еротика, која би можела штетно да влијае врз потенцијалната малолетна публика;

- филмот „Морничавата долина (Uncanny)“ воопшто не е од еротски жанр, туку го следи стандардниот научнофантастичен образец („*Андроидот и Човекот*“ – *Филип К. Дик*) во кој се обмислува дилемата: Кога за човештвото станува заканувачка автономноста на антропоморфна вештачка интелигенција?

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**